С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

З А П И С Н И К

Од ОСУМНАЕСЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 14.10.2026 година

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2026 ГОДИНА

З А П И С Н И К

Од Осумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 14.10.2026 година

Седницата започна во 12:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

****

За збор се јави членот на советот - **Горан Николовски** (Левица), кој ги образложи поднесените Иницијативи.

Претседателот на советот на Општина Гази Баба - **Виктор Трпевски** ја образложи постапката по поднесени Иницијативи согласно Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата**.**

За работата на седницата со **21 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Одлука за формирање на канцеларија за млади во Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба; и
5. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за поставување на сообраќајна сигнализација и направи за смирување на сообраќајот во населба Автокоманда, Општина Гази Баба.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

За збор се јави претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски, кој укажа на состојба при работата на седниците на постојаните комисии, каде присутни членови на комисиите не гласаат по материјалите доставени за расправа и одлучување, што е во спротивност со член 86 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, при што даде појаснување во врска со начинот на гласање и укажа на значењето на присуството и учеството на советниците на седниците на постојаните комисии и седниците на советот.

За збор се јави членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) кој упати забелешки во однос на укажувањето во врска со начинот на гласање.

За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) кој упати забелешки во однос на недоставувањето на Нацрт-Записникот од седумнаесеттата седница на Советот и поставувањето на советнички прашања.

Претседателот на советот на Општина Гази Баба - **Виктор Трпевски** ја образложи причината за истото.

ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на канцеларија за млади во Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски, кој ја образложи Предлог-Одлуката за формирање на канцеларија за млади во Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на канцеларија за млади во Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Влатко Ристовски (Левица), Маја Никодиновска (Левица), Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) побара во записник да биде внесено следното: Колку членови има комисијата за мандатни прашања, избори и именувања и кои членови од која политичка партија доаѓаат ?. Исто така во врска со составот на комисиите, побара информација по кој член од Статутот и Деловникот се формираат ?.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба, со **18 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ"** и **3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"** и **3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"** и **3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за поставување на сообраќајна сигнализација и направи за смирување на сообраќајот во населба Автокоманда, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претставникот од општинската администрација - Ана Накева, која ја образложи Предлог-Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за поставување на сообраќајна сигнализација и направи за смирување на сообраќајот во населба Автокоманда, Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за поставување на сообраќајна сигнализација и направи за смирување на сообраќајот во населба Автокоманда, Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА".**

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Осумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:15** часот.

Број 09-6904/3
од 02.11.2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот